УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Националниот Координатор на Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ) г- дин Владимир Пивоваров, одржа состанок со директорот на Царинската управа г-дин Ѓоко Танасоски

На состанокот што се одржа на 19.10.2017 година, во просториите на Царинска управа, присутните подетално се запознаа со идните планови за работа и развој на НКЦГУ и изразија подготвеност за спроведување на заложбите на ЕУ за целосно воспоставување на системот на координација и соработка помеѓу институциите надлежни за контрола и надзор на државната граница .



Претставниците од двете институции истакнаа дека интензивно ќе соработуваат на сите нивоа, со цел обезбедување на непречен проток на луѓе и стока преку границите на Република Македонија од една страна и спречување на секаков вид на организиран криминал и други нелегални активности со кои се нарушува мирот, безбедноста, легалната трговија, стабилноста, како и целосно функционирање на позитивните законски одредби.

